**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 21 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 51/2003 и 81/2008) и точка 7 од Одлуката за условите и начинот на одобрување кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула меѓу резиденти („Службен весник на РМ“ бр. 41/2006), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за условите и начинот на одобрување кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула меѓу резиденти
## („Службен весник на РМ“ бр. 43/2009)

I. Во Упатството за спроведување на Одлуката за условите и начинот на одобрување кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула меѓу резиденти („Службен весник на РМ“ бр. 52/06), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во глава I точка 3, ставот 1 се брише.

Ставот 2 станува став 1.

2. Во глава II точка 5, потточката б) се менува и гласи:

„б) Во колоната бр. 2 - „Матичен број“, се внесува матичниот број на резидентот-правно лице. Оваа колона не се пополнува за резидентите-физички лица.“

3. Во глава III точка 6, потточката б) се менува и гласи:

„б) Во колоната бр. 2 - „Матичен број“, се внесува матичниот број на резидентот-правно лице. Оваа колона не се пополнува за резидентите-физички лица.“

4. Во глава II точка 5 потточка д), зборовите: „глава II од Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност („Службен весник на РМ“ бр. 21/2002 - пречистен текст)“ се заменуваат со зборовите: „Одлуката за управување со кредитниот ризик“.

5. Во глава II точка 5, потточката к) се менува и гласи:

„к) Во колоната бр. 13 - „Обезбедување“, се дава краток опис на видот на обезбедувањето на кредитот во девизи. Во зависност од видот на обезбедувањето, при пополнувањето на оваа колона се користи една или повеќе од шифрите определени во прилогот бр. 4 - Шифри за видот на обезбедувањето, од Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар.“

6. Во глава III точка 6 потточка д), зборовите: „глава II од Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност („Службен весник на РМ“ бр. 21/2002 - пречистен текст)“ се заменуваат со зборовите: „Одлуката за управување со кредитниот ризик“.

7. Во глава III точка 6, потточката ѕ) се менува и гласи:

„ѕ) Во колоната бр. 10 - „Обезбедување“, се дава краток опис на видот на обезбедувањето на кредитот во денари со девизна клаузула. Во зависност од видот на обезбедувањето, при пополнувањето на оваа колона се користи една или повеќе од шифрите определени во прилогот бр. 4 - Шифри за видот на обезбедувањето, од Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар.“

8. Во глава IV точка 7 потточка б), зборовите: „делот од состојбата на сметките од групите 16, 32 и 34 и од сметката 086, кој се однесува на девизни кредити на резиденти за плаќање во странство, како и состојбата на сите други сметки на кои се евидентираат овие девизни кредити “, се заменуваат со зборовите: „соодветниот дел од сметките 399, 51, 561 и сите останати сметки на кои се евидентираат девизните кредити на резидентите за плаќање во странство, со исклучок на сметките на кои банката ги евидентира акумулираната амортизација и исправката на вредноста“.

9. Во глава IV точка 7 потточка в), зборовите: „делот од состојбата на сметките од групите 16, 32 и 34 и од сметката 086, кој се однесува на девизни кредити на резиденти кои се користат во денарска противвредност за плаќање во земјата, како и состојбата на сите други сметки на кои се евидентираат овие кредити “, се заменуваат со зборовите: „соодветниот дел од сметките 399, 51, 561 и сите останати сметки на кои се евидентираат девизните кредити на резидентите коишто се користат во денарска противвредност за плаќање во земјата, со исклучок на сметките на кои банката ги евидентира акумулираната амортизација и исправката на вредноста“.

10. Во глава V точка 8 потточка б), последната реченица се заменува со реченицата: „Оваа позиција го опфаќа соодветниот дел од сметките 499, 52, 562 и сите останати сметки на кои се евидентираат редовните кредити во денари со девизна клаузула, со исклучок на сметките на кои банката ги евидентира акумулираната амортизација и исправката на вредноста“.

11. Во глава V точка 8 потточка в), последната реченица се заменува со реченицата: „Оваа позиција го опфаќа соодветниот дел од сметките 499, 52, 562 и сите останати сметки на кои се евидентираат сомнителните и спорните побарувања во денари со девизна клаузула, со исклучок на сметките на кои банката ги евидентира акумулираната амортизација и исправката на вредноста“.

II. Ова Упатство влегува во сила на денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 16 - 5** **м-р Петар Гошев**
**25.03.2009 година** **гувернер**
**Скопје**